**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Уп1 Бр.02-587

Скопје08.03.2017г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, а во врска со член 18 став 1 алинеја 5 и член 20 став 1 алинеји 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16), член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), а согласно Заклучокот, бр.02-1182/4 од 08.03.2017 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 12-та седница одржана на 08.03.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за запирање на поведената постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност кај Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп**

СЕ ПРЕКИНУВА постапката поведена по службена должност од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Уп 1 бр.02-587 од 30.12.2016 година, за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп.

**О б р а з л о ж е н и е**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 41-та седница одржана на 29.12.2016 година, донесе Одлука УП 1 бр.02-587 од 30.12.2016 година, за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп. Постапката беше поведена поради тоа што беше констатирано дека управителот на радиодифузерот, физичкото лице Рубинче Крстески, истовремено се јавува како основач на Друштвото за маркетинг, услуги и трговија МЕГА МЕДИА увоз-извоз ДОО Прилеп, со учество од 50% во основната главнина на правното лице. Според тековната состојба, приоритетната дејност/главна приходна шифра на ова правно лице е 73.11 – Агенција за маркетинг.

Во членот 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен Весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) е утврдено дека: *„Недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, постои кога физички или правни лица кои се основачи на радиодифузери, како и физички лица носители на функции на управување во радиодифузери се јавуваат истовремено како:...- основачи на друштво за реклама и пропаганда...".*

Во Националната класификација на дејности, дејностите реклама и пропаганда се класифицирани во одделот 73 – „Маркетинг (реклама и пропаганда) и истражување на пазарот“. Во групата 73.1 - Маркетинг (реклама и пропаганда) се дефинирани две класи 73.11 Агенција за маркетинг и 73.12 – Огласување преку медиуми.

Согласно член 43 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата побара од Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп во рок од 45 дена од денот на приемот на Одлуката за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност, (УП 1 бр.02-587 од 30.12.2016 година) да ги достави во Агенцијата сите податоци што се од значење за одлучувањето.

На 03.01.2017 година, управителот на радиодифузерот Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, физичкото лице Рубинче Крстевски до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, достави Изјава бр.03/01 од 03.01.2017 година (наш бр.02-587 од 03.01.2017 година), во која наведе дека *„...најодговорно изјавувам дека не бев запознат дека со учеството во друго друштво, во случајов МЕГА МЕДИА ДОО – Прилеп правам недозволена медиумска концентрација и согласно тоа најитно ќе истапам од основач на МЕГА МЕДИА ДОО Прилеп“.* Во однос на наведеното, управителот на радиодифузерот ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, Рубинче Крстевски, на 14.02.2017 година, по електронски пат ја извести Агенцијата (наш бр.03-809/1 од 15.02.2017 година), дека истапило од сопственоста на Друштвото за маркетинг, услуги и трговија МЕГА МЕДИА увоз-извоз ДОО Прилеп.

Во врска со горенаведеното, Одделението за стратешко планирање од Секторот за стратешко планирање и авторски права во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, изврши проверка на податоците во Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, при што констатираше дека физичкото лице Рубинче Крстевски повеќе не се јавува како основач на друштво за реклама и пропаганда и дека констатираната недозволена медиумска концентрација е отстранета.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, а во врска со член 18 став 1 алинеја 5 и член 20 став 1 алинеји 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16), член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), а согласно Заклучокот, бр.02-1182/4 од 08.03.2017 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 12-та седница одржана на 08.03.2017 година, одлучи да ја запре поведената постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп;

- управител на Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1.